**Влада Урошевиќ (Северна Македонија)**

## *АРГОНАУТИ*

Имаше долги расправии околу квалитетот на дрвото,
височината на оградата околу чунот,
должината на веслата; неколку пати
мораше да се почне од почеток,
штиците не беа добро одлежани,
не налегнуваа добро, рабовите се виткаа.
Погодно годишно време за пловење
веќе се доближуваше, подготовките течеа премногу бавно,
имаше недоразбирања околу плаќањата,
се ширеа разни гласови за бесмислата на потфатот,
бадијалџиите што го гледаа растењето на трупот
изнесуваа безброј забелешки.
По пристанишните крчми течеа бескрајни распрашувања
за правците на ветровите, за морските струи,
податоците околу обичаите на крајбрежните народи
беа противречни, сѐ беше нејасно,
белината на картите не се пополнуваше.
Им немаше крај на подготовките,
чаденото месо се расипуваше,
тулумите за вода не беа добро штавени,
трговците се обидуваа да подметнат
стока што им заостанала по складовите.
Имаше надмудрувања, недоразбирања,
несполуки. Дури ни пророштвата
не се совпаѓаа помеѓу себе.
Беше здодевен тој труд, премногу луѓе се замешуваа,
секој даваше свое мислење.
Толку ситни нешта остануваа незавршени,
немаше одговорност, првобитниот занес спласнуваше.
Но бродот никна. И кога дружината седна,
кога се затегнаа јажињата, кога застенка дрвото,

кога пената прсна пред клунот – знаеја:
има мигови кога сѐ конечно добива своја вредност
и кога заблудата, и онаа најлудата,
е единствен пат кон чудата.

**Гевин Бредли (Ирска)**

***ВРАЌАЊЕ ДОМА***

Кога Хини летал за првпат, погледнал надолу и
си го видел стариот крпен јорган, зашиен од зеленила нахранети од дождот;
прекривка сошиена од баба му, спомен за удопствата на домот и
драгоцена оставина за внуците што и неговите деца ќе си ја чуваат.
Сега, летајќи накај дома, прериите без снег му се чинат чудни,
гледани одгоре наликуваат на збунет љубовник, кој,
затекнат во туѓ кревет, попусто ги граба чаршафите што му се лизгаат,
а репката е голо наличена да ја видат сите, па и Бог.
Низ прозорецот гледам бела птица во далечината;
малечка е чинам, малечка колку мене.
„Овде, оти го нема крпениот јорган“? прашува.
Го знам одговорот.
„Бидејќи баба ми не ја создала земјава“.
Кимнува со главата и повторно постанува небо.

**Димитар Башевски (Северна Македонија)**

***ПАТОТ***

Тој стигна донекаде и застана, како
на нешто да се сети. И сега се врати назад.
Се враќаше загледан по долгиот пат. Се
загледуваше во излоканото на патот, во
дупките, а потоа со искинатици од својата
кошула, со чорапите, со шалот, и дури и со
капата, ги затинаше дупките и излоканите
места.
Кога се стемни, го видоа седнат на
еден камен, како работник исцрпен од
залудна работа

**Алекси Берно (Франција)**

***ПИЕЊЕ НА ЗАЈДИСОНЦЕ***

*За Сем Хамил, за неговиот 74 роденден*

Вечерва сме повторно
пијани и нè замислувам во Франција
во Дордоња на зајдисонце
Пиеме по една чаша црвено покрај реката
Ти зборувам за Ожиерас, кој ти не го познаваш

Повторно нè замислувам, во Бретања овој пат
каде што почнувам да живеам, каде што ти нема да дојдеш
Сè уште е зајдисонце, плажата Монсарак
и канадските гуски крескаат
зад хоризонтот

И уште замислувам како пиеме премногу
сите оние убави места каде што нема да бидеме
бидејќи твоето здравје
нема да го дозволи тоа
реалноста
не функционира така

Нè замислувам како деца во темнината
кои измислуваат светови и си раскажуваат приказни
за да не заспијат
однесени до работ на светот
на пердувите
на нивните шепотења

Додека си ветуваат
дека никогаш нема да остарат.

Анакортес, 9 мај 2017

**Зоран Анчевски (Северна Македонија)**

***ЗАГУБЕН СВЕТ***

Најпрво со поглед сал го збираа бериќетот
стежнат од живот по полиња плодни.
Планините им испраќаа среќни насмевки,
а пророците им претскажуваа бистри погледи.

Потоа рацете им станаа остри српови
што откос по откос збираа зрело снопје
и го редеа на гумно со стамен стожер –
цупкаа околу него ситни ора на радоста.

Најназад поведоа војни од ситост и пакост,
та рацете им се сторија сабји и анџари:
си сечеа глави, си набиваа души на колец,
презираа солзи, сомилоста ја сотреа братска.

Секна љубовта, придојде омразата,
што ко зараза грозна стави крај на тој свет
во кој и планините потонаа од срам и мака,
а пророците сведнаа глава пред гневот божји

и ко збунети компаси
далдисаа безглаво по страните на светот.

**Милутин Ѓуричкович (Србија)**

## ***НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ***

На дното од небото
на врвот од јазикот
ги криеш своите рими.
Не допираат до нив
ни густиот сјај
ни големите зими.
Нежните рамници
чекаат
да ти се вратам пак.
Со зборовите свои
непознати
повремено даваш знак.

**Иван Џепароски (Северна Македонија)**

***ЈАБОЛКО ОТАДЕ СИСТЕМОТ***

„Рајот е парк во кој можат да останат
само животните, не и луѓето.“
Г.В.Ф. Хегел, *Филозофија на историјата*

Во Пеколот,
седнати,
со Apple лаптопи
врз колената,
наполно неочекувано,
Хегел копнее
да биде Ниче,
а Ниче, пак,
да биде Хегел.

Во Чистилиштето и двајцата,
сосем ненужно,
исти маки имаат.

А во Рајот
нема ни систем
ни урнисувања на системот.

Само Ева на заминување,
со своето јаболко
веќе гризнато од Адам.

**Бесник Цамај (Косово/Швајцарија)**

***ОРО НА ВОЗДИШКИ***

Во туѓина чад
во мојата земја магла
Време кога кучињата јадат мекици
полни со чоколадо
Бедници
не знаат дека ги убива
Како роса на страдања
пламената грижа
невроните на љубовта во ветерот
усните испукани
трпението ја бакнува епиката
песната се пени како река
На течението
пловиме без едра
одвреме-навреме
патот се ломи
во ора на воздишки
Ѓавол да го носи
менувам насока

**Славе Ѓорѓо Димоски (Северна Македонија)**

***ДАНТЕ СЕ ВРАЌА ОД ПЕКОЛОТ***

Данте е црн облак. Покрива пола планта.
Данте е згрчен порој. Поплавува пола планета.
Данте е карпа. Се руши врз брановите морски.
Данте е сениште. Го влече трајниот мрак.
Данте е апокалиптичен издив на Јован Богослов.

Данте се враќа од пеколот со огнен здив.
Данте в миг ќе избрише сè. Данте се враќа.
Данте пристигнува. Данте нè целива.
Данте нè прегрнува. Данте нè потиштува.
Данте нè гори! О огну! О Јоване Богослов!

**Снежана Стојчевска (Северна Македонија)**

***ПРАЗНО МЕСТО***

Околу трпезариската маса има четири стола.
Накрсно седиме
мајка ми спроти брат ми,
јас спроти татко ми.
Таква е и конекцијата,
на татко ќерка, на мајка син.

Со време брат ми се отсели,
на негово место сега седи син ми.
Понекогаш мајка ми му вели *Владе,*
наместо *Калин.*
Сè почесто вели само “сине“,
така е сигурна дека нема да згреши.

Откако татко ми нè напушти
секој од нас јаде сам, во различно време.
Ако седнеме истовремено ќе нè боли
недостигот што зјае од празното столче.

Тројца сме, но тенџерето
и мерката за ручек останаа за четворица.
Храната што останува
утредента ја давам на мачките.

Го кревам капакот од тенџерето со пире
и со лажица несвесно го делам на четири.
Мајка ми го гледа крстот и се прекрстува
мислејќи на една четвртина од нас,
која е на небото.

**Гонџа Озмен (Турција)**

***ТАГА ЗА ЕЗЕРОТО***

Ако сум старо езеро во длабочините
Кое се смалува од ден на ден
Долго и смирено
Ќе бев завршено

Корени дај корени дај корени дај

Ако заспијам во бескраен вир
Закопана под телото и зборот
Ако сум товар за сопственото срце
Паднато тивко
На дно – длабоко

Глас дај глас дај глас дај

Ако сум во јазли исплеткана
Уморна од зјапање во моето ехо
Ако со умот заминам кај што не можам
Дури птиците се спремаат за полет

Гранка дај гранка дај гранка дај

Ако сум долг пискот
Очекуван, задоцнет, мрморлив
Ако почне да ме снемува
Нека протечам како коноп

Душа дај душа дај душа дај

Ако сум црна од тага оцрнета
Прекриена со гранки
Ако се исушам
Исцедена од сето ова чекање

Подај рака подај рака подај рака

**Весна Ацевска (Северна Македонија)**

***РАЗГАТКА***

Еден ден
на планината ќе ѝ речам: „О моја сенко“
а на водата: „О моја светлино“.
Планината од срам ќе се стутка во моите очи,
водата од радост ќе се гали низ моите прсти.

Еден убав ден
она што скришум спие во сенките
својата сенка ќе ја спушти во мене,
а она што ми се излева од дланките
ќе изгрее од мракот на зениците.

Но еден ден, во ден за паметење,
онаму каде што замира тишината
разгатката ќе се влее во приказните,
полни со извишени надежни нерамнини
што ни ги заплиснуваат погледите.

**Адам Хоровиц (Обединето Кралство)**

***ОРФЕЈ ВО ПОДЗЕМНИОТ ИНТЕРНЕТ СВЕТ***

Ние исчезнуваме од ден за ден,
отсуството зборува за отсуство
преку восочен превез од лист и мешунка.
Териториите се означуваат со замав на крилата,
за границите на нежноста се дрдори како страчка
додека сме преплавени со книги,
списанија, преземања, ДВД-ја,
тинтири-минтири, гаџети, сите тие убави
смоквини листови купени за да се покрие срамот.

Куќата е шуплива,
пештера која ечи од изгубените извесности,
каде Персефона ги чепка семките од калинка
што ѝ се заглавиле меѓу забите, ги плука и пцуе.
Околу неа, мачки завиваат како фурии
во лов на глувци, парчиња хартија,
прашината родена од тишината,
стегнати во тупаници на вина.
Божицата крека да останеме внатре.

Има нешто величествено во сигурноста ако можеш да ја свариш
но јас го претпочитам случајното претопување на ѕвездите,
чекањето во мракот дрвјата да расцутат,
слушањето на металното ѕвечење на растот
додека лисиците ја сечат зимата со јазиците,
а бувовите удираат печати од глувци на замрзнатата почва.
Чекорам по патеката подалеку оддома,
љубовна песна фетално склупчена во мојата дланка.
Следи ме. Нема да гледам наназад.

**Христо Петрески (Северна Македонија)**

***ПРАЗНО ПИСМО***

Нека Господ не дозволи ниту една буква да биде секогаш празна
Нека среќата не дозволи писмото да биде целосно празно
Затоа што во писмото ќе биде пораката за љубовта
Но, исто така, најголемата парична награда и затворската казна.

Некој испраќаше гласници и без брзи коњи
Другиот испраќаше гласници со тапани во рацете
Третиот испраќаше писари кои знаеја да ја искажат целата порака
Четвртиот испраќаше гулаби со пораки околу нивните тенки вратови.

Но на кого да му испратам јас порака и во кое време од денот и ноќта
Ако не на неа, додека нејзиното тело немирно спие и ме сонува
Или кога е отсутна, во нејзините мисли, во прегратките на некој друг
О, блажени зборови, (нека) не патуваат подалеку од моиве усни...!

**Жељка Авриќ (Србија)**

***РЕКИТЕ СЀ УШТЕ ТЕЧАТ***

во нас течат реки без враќање
нивните води се матни
бреговите проколнати
личат на нашите совести
заспани разбранувани
извираат во маглите
бранувaат со немирите
се влеваат во заборавот

ние чекаме на подигнатите мостови
а реките сѐ уште течат

во нас се прелеваат реките на заблудите
се пенат страстите

клокотат пороите
брановите прскаат со солзи
коритата се во тивка рамнодушност
длабочините се закануваат со тишина
рибите им се потсмеваат на јадиците
давениците ја фаќаат сламката за вратот

ние стоиме на спротивните страни
а реките сѐ уште течат

во нас течат реки од спомени
деновите се нижат и се валкаат како бисери
утрата му се радуваат на будењето
месечината на несоницата
бараме таен знак во секој збор
молчењето поставува прашања
што има во капката на карпата
под врбата во вирот

ние доаѓаме и заминувме
а реките сѐ уште течат

**Санде Стојчевски (Северна Македонија)**

***ПАТ***

Дали Оној Којшто е
се расфрла со моќта,
или врз кората гребе
тигарот што пламти

во шумите на ноќта?
Од горе букви врнат,
полуосветлени зрна
врз хартијата црна,

па бива на таа нива
да влече бразда прст:
мани, текел, фарес.

Затоа помни, сине мој,
беше неизмерно тешко
пак да се напише книга.

**Роза Бојанова (Бугарија)**

*******

Кога ќе ја најдам смислата
ќе ја спакувам како пакет
и ќе ја испратам да го обиколи светот (како што питата на баба ми
ја обиколуваше својата нивичка, пред да ја раскрши).
И ќе чекам да се врати.
Ако ја познаам – таа е. Можеби пораснала,
можеби се смалила како старица, може да посака да ми биде сопатник, или да
каже како здодевен љубовник: Не барај ме повеќе.
Нема смисла.

Тогаш ќе се обѕрнам
и ќе го прегрнам првиот човек на улицата.
– Ти си бил – ќе муречам – смислата на мојот живот.
И ќе го исплашам.
Од тежината на таа одговорност ќе се свитка.
И ќе ме испушти.

**Биргит Крајпе (Германија)**

***fortuna primigenia***

насекаде сум, секогаш можеш да ме прашаш
јас сум во секоја билка. во секој камен.

сета таа утеха, архитекту мој
цел живот се качувам по скалите

што не можам да ги видам, ниту пак
копитата, чизмите, чакалот над мене, ниту

да видам како се олабавуваат камења горе
во покривот што бега, во куќата на чии скали

стоиш зашеметен и чиј влез и
излез не ги познаваш

која расте со мене и паѓа и расте
– топлина, повторно, дали е тоа сè уште сонцето

или е веќе оган, повторно, мирис –
се качувам, растам, бавно, по скалилата

што се двојат на страните
ноќе ме гледаш, без малку, јас сум ветрот

што минува низ срушените коридори
јас сум воздухот, провевот и лудилото во твоите соби

светлиот темен раб на будното размислување
и твоите сни го раскинуваат мојот бавен раст, моето искачување
неочекувано високо –

јас сум росата, наутро на длабоката ливада
јас сум медот што тече од маслините
јас сум чудото, горливо, што го гледаш.

**Ресул Шабани (Северна Македонија)**

***РАЗМИСЛУВАЊЕ ТРИ ДЕНА ПРЕД ЕСЕНТА***

Додека јас го поминувам млакиот ден
Кај подножјето на мостот од вода,
Мостот со изветвени штици
Од лудост, од омраза, од љубомора,
Мостот со ограда од ловорика
Од добрина, од убавина - љубовта,
На која гази твојата убава нога
Под која плива твојата пердув рака
Ти ја растураш густата магла,
Од мојот свенат портрет.
Туку ти, сирено од далга, езерска самовило;
Ти невеста од светлост, невеста од тага,
невеста од пламен;
Што бараш во мојата сиромаштија
Посиромашна од сиромаштијата?
Додека ти ја садиш темјанушката
Во мојата опустошена душа;
Додека ти носиш пролетен веј
Во мојата задоцнета есен,
Јас не сум кадар да ти подарам
Ниту сон да го сонуваш
Ниту надеж да му се радуваш.
Само букет зраци
Кои што ниту светлината ја осветлуваат
Ниту ноќта ја разденуваат;
И свеќа да запалат при Света Марија
Од л упото око да те чува
Од лошото око на љубомората.

**Чема Паз Гаго (Шпанија)**

***IX.***

Ги пронајдов
во длабочината на твоите очи
најцрниот сјај,
длабочината на твоите зборови.

Се насмевна и проговори,
на чуден јазик,
и ме привлече
кон внатрешнината
на твоето блескаво тело.

Твојата загадочна убавина
ме пленеше
на поинаков начин,
ме канеше на неочекуваното патување
низ твоите очи,
ноќта и твојата кожа.

Продрев
до твоето срце,
та ме обви
со неговата светла јаснотија.

Се нурнав во твојата крв,
ја бакнував
сета кожа од твојата душа,
твоите очи и твоите зборови.

**Николина Андова Шопова (Северна Македонија)**

**ПАТУВАМ**

Патувам, и најчесто
ги менувам улогите, си мислам
како би било да сум жената што седи спроти мене
со филигрански брош на блузата
како би живеела, каде ли би одела
кому би му се враќала
Или да сум оној задреман човек со калливи чевли
и чешел во џебот на старото палто
Или пак да живеам во трошната куќа со јагленосани прозорци
која штотуку ја одминавме
или во онаа подолу, со петунии на балконот
со истрижаната зеленика и празната лулашка на тремот
Или да сум напрегнатиот сончоглед во полето
што нè дочекува со ситен дожд по стаклата
или пак кучето скитник што лае по автобусот
и којзнае зошто тажно гледа по него
И секогаш по ваквите патувања се враќам со умножени животи
врзани во јазли во волнена бројаница
и никогаш не знам кој е првиот а кој последниот
каде почнувам јас, а каде другиот

**Павле Горановиќ (Црна Гора)**

***ИЗГУБЕНИ РАКОПИСИ***

Не кријам: пишувам невистинити,
измамнички редови.
Постапката се повторува од текст во текст.
Но понекогаш може да се наиде и на стихови
со загрижувачка мера на вистината.
Неодамна, барајќи сосем различни
текстови, помеѓу ретките ракописи
ги пронајдов и следниве зборови:
Најзначајни градови се оние што
се веќе закопани –
не вреди да се основаат нови.
Најдобрите јазици се изумрени –
не вреди да се осмислуваат подобри.
Најпочитуваните школи се наоѓале
во сега веќе запуштени градини.
Најинтересните ракописи се изгубени...
Вреди да се откријат. За нас, преживеаните
членови на Вавилонската библиотека.

**Никола Маџиров (Северна Македонија)**

***ОБИЧНОТО ЛЕТНО ЗАНОЌУВАЊЕ***

1.

Така изгледа летното заноќување:
прељубницата излегува на балконот
во свилена ношница трепетот на ѕвездите
што го пропушта, гранче паѓа од клунот на
птицата што заспива пред да го изгради домот,
еден војник го спушта државното знаме
со писмо од мајка му во џебот и
атомските проби во утробата на земјата
тајно ги оживуваат мртвите. Некој во мигот
тивко ги толкува византиските неуми,
друг ги преправа егзодусите на балканските
и граѓански војни во името на универзалните
вистини. Во фабричките дворови
спијат статуите на учесниците во
поништените револуции, врз складните
гробови пластичните цвеќиња ја губат
бојата, а обичните формата,
и ова спокојство на мртвите
од кои сме се простиле,
не е наше.

2.

Во селото со три осветлени прозорци
една бајачка ги предвидува само
оздравувањата, не и заболувањата.
Брановите исфрлаат шишиња
цело море што можат да го впијат во себе,
стрелката од знакот за задолжителен правец

покажува кон Бог,
рибарот откинува парче од небото
фрлајќи ја јадицата кон реката,
сиромашно дете ја бара Малата Мечка
и планетата од која би сакал да потекнува,
пред прагот на убиецот со алиби
еден пердув се обидува да летне.
Така изгледа обичното летно заноќување.
Градот согорува во црвенилото на месечината
и противпожарните скали чиниш водат кон
рајот, дури и тогаш кога сите
се
  симнуваат
                  по
                      нив.